Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, дава

# РЕШЕНИЕ
## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Училишна педагогија“ на Факултет за образовни науки при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Училишна педагогија“ на Факултет за образовни науки при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

По добивање на Решение за акредитација на студиската програма „Училишна педагогија“, од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за образовни науки при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, бр.08-684/4 од 3.8.2023 година, од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип се обрати со барање бр.0809-930/1 од 4.10.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-1287/1 од 6.10.2023 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Училишна педагогија“ на Факултет за образовни науки при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-1287/2 од 9.10.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 10.10.2023 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-1287/3 од 18.10.2023 година, во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Училишна педагогија“ на Факултет за образовни науки при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

CS CamScanner

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 41-513/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република Северна
Македонија

dr. Artan Grubi

| | |
|---|---|
| Подготвил: | Тања Поповска, помлад соработник |
| Проверил: | Катерина Јаневска, раководител на одделение |
| | Никола Пасков, раководител на одделение |
| Контролирал: | Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор |
| | Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор |
| Согласен: | Зоран Брњарчевски, раководител на сектор |
| | Снежана М. Пендовски, државен советник |
| Одобрил: | м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата |

CamScanner